**Р Е Ф Е Р А Т**

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ВАЈАЊЕ И ВАЈАРСКИ ТЕХНИКИ И МЕТОДИКА НА ЛИКОВНО ВОСПИТУВАЊЕ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ОБРАЗОВНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Врз основа на член 63 од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/2009, 83/2009, 99/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011, 123/2012, 15/2013 24/2013 година), Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, на 52. седницата одржана на 20.2.2014 година донесе Одлука бр. 2102-80/14 од 20.2.2014 година за формирање на Рецензентска комисија во состав:

- проф. д-р Фехим Хусковиќ, редовен професор, наставно-научна област графика, методика на ликовно воспитување, Факултет за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, претседател;
- проф. м-р Жарко Башевски, редовен професор, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, наставно-научна област вајање и вајарски техники, Факултет за ликовни уметноста при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член;
- проф. м-р Ибрахим Беди, редовен професор, наставно-научна област вајање вајарски техники, Факултет за ликовни уметности при Универзитет „Св.Кирил и Методиј“ – Скопје, член.

На распишаниот Конкурс за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области вајање и вајарски техники и методика на ликовно воспитување, објавен во дневните весниии „Нова Македонија“ и „Коха“ на 1-2.2.2014 година, се пријави кандидатот д-р Никола Смилков, вонреден професор на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Седницата на Комисијата одржана на 19.2.2014 година за разгледување на документите по Конкурс за избор во звање изврши увид во потребната документација и констатира дека согласно со Конкурсот објавен на 1-2.2.2014 година во дневните весници „Нова Македонија“ и „Коха“, за избор на еден наставник во сите звања за наставно-научните области вајање и вајарски техники и методика на ликовно воспитување, кандидатот д-р Никола Смилков ги исполнува условите наведени во Конкурсот.

По деталното разгледување на приложената документација, Рецензентската комисија има чест и задоволство на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип да му го поднесе следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

**Д-р Никола Смилков** е роден во 1973 година во Штип. Основно образование завршува во родниот град. Средно уметничко училиште завршува во Скопје, со одличен успех. Во 1999 година го завршува Факултетот за ликовни уметности при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, отсек вајарство и се стекнува со звање дипломиран ликовен уметник од областа на вајарството. Истата година го продолжува своето образование и се запишува на постдипломски студии, каде што во 2002 година магистрира под менторство на проф. д-р Драган Попоски - Дада со просечна оценка 9,8 и со самостојна завршна изложба со назив „Спој“, со што се стекнува со назив магистер од областа на вајарството и се здобива со академски степен магистер од областа на вајарството.

Во 1999 година се вработува како професор по предметот Ликовно образование во државното средно текстилно училиште, а паралелно настава одржува и во средното медицинско и во средното електротехничко училиште во Штип. Од 2000 до 2002 година

работи како наставник по Ликовно образование во Основното училиште „Гоце Делчев“ во Штип. Во 2002 година е ангажиран за асистент на Педагошкиот факултет „Гоце Делчев“, а во 2004 година (Билтен на УКИМ со бр. 860 од 1 ноември 2004 година) е избран за доцент на истиот. Од 2009 година е вонреден професор по предметите Ликовно образование со методика, Ликовно воспитание со методика Сценографија и кукларство, Ликовно студио и Ликовна работилница на одделите Одделенска настава и Предучилишно воспитување при Педагошкиот факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола на својата редовна седница одржана на 27 ноември 2007 година со Одлука бр. 02-580/4-10 му ја одобрува докторската дисертација на тема „Развојот на ликовните способности кај децата од раноучилишната возраст при претставувањето на тридимензионалниот концепт во моделирањето на човечката фигура“, која ја одбранува на 28 мај 2012 година и се стекнува со научен степен доктор по педагогија од областа на методиките.

По дипломирањето, активно работи на монументална скулптура во галериски формат и учествува на повеќе од десет меѓународни скулпторски симпозиуми во Србија, Романија, Црна Гора, Турција, Словенија, Австрија, Бугарија и во Македонија. Има реализирано четири самостојни изложби и над триесет групни изложби во земјава и во странство. Автор е на две поставени монументални скулптури во Македонија (Штип) и три монументални скулптури во странство (Црна Гора - Даниловград, Белград, Србија и Малниц, Австрија).

Добитник е на Прва награда за спомен-обележје на бранителите на Р. Македонија - 2001 година на распишан Конкурс од страна на Општина Штип, а во 2008 година се здобива со Државната награда за скулптура „Димо Тодоровски“.

Автор е на неколку објавени научни трудови во земјава и во странство, а коавтор е на Прирачникот за наставата по Ликовно образование за петто одделение во деветгодишното образование.

Учесник е во повеќе универзитетски, државни и меѓународни проекти, во рамки на кои реализира соработки со OSCE, USAID UNICEF и Фондација Конард. Аденауер. Во 2012 година се стекнува со посебна потврда од Фондацијата „Конрад Аденауер” и Институтот за демократија во која се истакнува дека со својата активност има дадено посебен придонес во едукацијата на студентите за различните верски заедници и религиски системи во Република Македонија. Учесник е во проектите “Creative teaching/learning”, USAID, FOSIM (учесник) и тоа од 2005 до 2008 година и „Зајакнување на капацитетите на идните наставници за работа во мултиетничка средина“ во организација на ОБСЕ. Од 2009 до 2014 година членува во повеќе професионални асоцијации: претседател е на Друштвото на ликовни педагози на Штип, активен член е на Друштвото на ликовни уметници на Македонија, активен член е на Друштвото на ликовни уметници на Штип. Исто така, членува во Интернационалната асоцијација за монументална скулптура со седиште во Италија, а член е на Интернационалната скулпторска организација.

Проф. д-р Никола Смилков учествува во повеќе комисии, тела и успешно раководи неколку функции при Универзитетот „Гоце Делчев и тоа:

- со Одлука на конститутивната седница на Универзитетскиот сенат, одржана на 28 јуни 2007 година е избран за член на првиот Сенат на универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за мандатот од 2007 до 2011 година;
- со Одлука на Ректорската управа на втората редовно седница одржана на 27 јули 2007 година е избран за член на Комисијата за наставни прашања;
- со Одлука на Ректорска управа на 14. седница, одржана на 12 јуни 2008 година е избран за член на Универзитетската конкурсна комисија за учебната 2008/2009 година и со Одлука бр. 0901-801/16 од 11 јуни 2009 година е избран за член на Универзитетската конкурсна комисија  за учебната 2009/2010 година;
- со Одлука на Наставно-научен совет на Педагошкиот факултет бр. 0210-132/25 од 11 март 2008 година е избран за член на Комисијата за ревидирање на наставните планови и програми на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев” – Штип;
- со Решение бр. 0204-504 од 26 февруари 2008 година е назначен за член за работната група за осмислување и дизајнирање на пропаганден материјал;

- со Одлука на Наставно-научен совет на Педагошки факултет бр. 2102-62/12 од 17 септември 2009 година е избран за координатор во Комисијата за ревидирање на наставните планови и програми на втор циклус универзитетски (академски) студии на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип за студиската програма Библиотекарство и архивистика на Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип;
- со Одлука бр. 2102-62/3 на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет од 14 септември 2009 година е избран за вонреден професор.

Сите активности и трудови се вреднувани и објавени во „Универзитетски билтен“ бр. 25 од 14 август 2009 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

Со Одлука бр. 2102-47/5 од 30 април 2009 година на Наставно-научен совет на Педагошки факултет е избран за член на Комисијата за изработка на Елаборат за организирање на трет циклус универзитетски (академски) студии на Педагошки факултет при Универзитет „Гоце Делчев" – Штип.

Со Одлука бр. 2102-57/5 од 9 јули 2009 година на Наставно-научен совет на Педагошки факултет е избран за продекан за настава на Педагошки факултет (2009-2011 година).

Со Одлука бр. 2102-110/4 од 27 јуни 2011 година на Наставно-научен совет на Педагошки факултет е избран за декан на Факултет за образовни науки (2011-2014 година).

Со Одлука бр.2012-73/3 од 19 април 2011 година на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет е избран за член на Универзитетски совет при Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип

Со Одлука бр. 2102-28/18 од 25 септември 2013 година на Наставно-научен совет на Факултет за образовни науки е избран за раководител за организирање на практична настава на Факултет за образовни науки.

Од 2009 година како вонреден професор ја реализира наставата по предметите од прв циклус студии: Ликовно образование со методика, Ликовно воспитание и образование со методика, Кукларство и сценографија, Ликовно студио, Ликовна работилница на Факултет за образовни науки и на дисперзираната студиска програма во Струмица предметите: Ликовно образование со методика (задолжителен), Кукларство и сценографија (изборен) и Ликовно студио (изборен) и предмети од втор циклус студии на студиската програма Специјалистички студии по предучилишно воспитување, модул В, со Одлука бр. 0210-132/9-17 по предметот Ликовно студио.

***Објавени стручни и уметнички трудови и презентации од 2009 до 2014 година***
- **2009 г.** - Меѓународна вајарска колонија МАРМОР и Топола, Србија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9826
- **2010** г. - Меѓународна вајарска колонија – Волавје, Словенија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9856
- **2010** г. - Интернационален симпозиум на модерна уметност, Малниц, Австрија,
- http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4289
- **2011 г.** - Меѓународен симпозиум за керамика, Дача, Турција, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4284
- **2012 г.** - Меѓународен симпозиум за скулптура, Дача, Турција, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4291
- **2013 г. -** Интернационален симпозиум на модерна уметност, Малниц, Австрија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8361

***Реализирани изложби од 2009 до 2014 година***
***Групни изложби:***
- **2009** г. - Интернационална изложба на ДЛУМ во Дворецот на културата, Софија,Бугарија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4915
- **2009** г. - Биенално студио за цртеж 2009, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9820
- **2010 г. -** Меѓународно биенале на уметност на минијатура, Горни Милановац, Србија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4855

- **2010** г. - Изложба на модерна уметност, Малниц, Австрија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4289
- **2011** г.– More than a form/ sculpture Ликовна галерија, Горни Милановац, Србија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4856
- **2011** г. - EUROPEAN INDENTI TIES EXPLORED digital exhibition featuring art from across Europe, Europe House, London, (www.europe.org.uk/indeks/-/id/581/)
- **2011** г. **-** Europe festival in Florence, Palazzo Giovane – Casa della Creativita www.notteblu.eu/index.php?view=details&id=153%3Aeuropean-identitites-explored&option=com_eventlist&Itemid=60&lang=en
- **2012** г. **-** ДЛУМ: Ликовно творештво „Мал формат 2012", Културно информативен центар, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4842http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4842
- **2012** г. **-** ДЛУМ, Годишна изложба - 2012, Музеј на Град Скопје, февруари 2013 г.http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7929
- **2012** г.**-** Меѓународно биенале на уметност на минијатура Горни Милановац Србија http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9853
- **2013** г. ***-*** ДЛУМ: Ликовно творештво „Мал формат 2012", Културно информативен центар, Скопје, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8597
- **2013** г. - ДЛУМ „Миниартура" Културно информативен центар, Скопје, Р. Македонија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8597
- **2013** г. – ДЛУМ, Годишна изложба - 2013, Музеј на Град Скопје, февруари 2014 г.
- **2013** г. – Меѓународна изложба по повод 20-годишнина од постоење на Учителскиот факултет во Врање, Универзитет во Ниш, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8362
- 2013 г. – IV Međunarodna izložba „Umetnost u minijaturi" – Majdanpek – Srbija 2013,http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8326
- 2013 г. - 7 Dfewa Mallnitzer Symposium Furmoderne Kunst, Malnitz, Austri,a http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8361
- 2013 г. – 46-та Изложба на ДЛУШ – Штип, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9823
- 2014 г. - 2. Меѓународна балканска изложба, II. international contemporary balkan exhibition, Културно информативен центар, Скопје, Р. Македонија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9317

***Самостојни изложби***

- 2013 г. - Центар за култура „Марко Цепенков" - Прилеп, Р. Македонија,http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7741

***Монументални скулптури***

- 2010 г. – Интернационален симпозиум на модерна уметност, Малниц, Австрија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4289
- 2012 г. - Меѓународен симпозим за скулптура, Дача, Турција, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/4291
- 2013 г. - Спомен-обележје Аристотел - Штип, Р. Македонија, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9283
- 2013 г. - 7 Dfewa Mallnitzer Symposium Furmoderne Kunst, Malnitz, Austria, http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/8361

***Научни трудови***

Jovanova-Mitkovska, Snezana and Popeska, Biljana and Smilkov, Nikola and Cackov, Kiril (2013) *Практичната настава и нејзината реализација на Факултетот за образовнни науки во Република Македонија*. In: Научни скуп „Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на учитељским (педагошким) факултетима", 06 Dec 2013, Универзитет у Нишу, Учитељски факултет у Врању,

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/9326

Во трудот се говори за едно од клучните прашања што се поставува на сите факултети кои образуваат наставници во Југоисточна Европа, вклучувајќи ја и Република Македонија, поконкретно поставеноста на практичната настава, нејзината застапеност, начинот на организација и реализација. Авторите презентираат една сеопфатна теоретска анализа на практичната настава, нејзината поставеност во наставниот план и програма на Педагошките факултети во Р. Македонија со посебен осврт на Факултетот за образовни науки. Презентирана е и анализираната моментална состојба со примената на практичната настава, формите на организација, како и целите и задачите кои треба да се постигнат со нејзината имплементација, начинот на нејзината реализација низ четири последователни фази кои се карактеризираат со различни задачи и активности на студентите и различен степен на нивна вклученост, притоа систематски и постепено водејќи ги кон посакуваната и проектирана цел – оспособување на студентите, идни наставници и воспитувачи за успешна реализација на практичната настава, односно подготовка за нивната идна професија.

Smilkov, N., Jovanova-Mitkovska, S. (2012) *Initial teacher education, professional development and competence of preschool educators, the condition and challenges,* International Conference Education Across Borders Florina 5-7 October 2012

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/2024

Во трудот авторот се обидува да разреши еден од актуелните проблеми во едукативниот образовен систем, проблемот на иницијалното образование, општите и професионални компетенции на воспитувачите, како и нивниот професионален развој. Презентирани се резултати од реализирано дескриптивно истражување, реализирано интервјуирање, анкетирање врз основа на кои се дадени насоки кои се однесуваат на промени во иницијалното образование на воспитувачите, препораки и сугестии за насочување на нивниот професионален развој.

Smilkov, N (2013) Професионалната подготовка на бъдещия учител за взнитателна работа, Посветена на 70-годишнината на проф. Лиляна Тодорова ЮЗУ „Неофит Рилски" – Благоевград, Р.България

Професионалната подготовка на наставниците е проблем кој ескплицитно е елабориран во наведениот труд. Во истиот авторот концизно ги определува клучните прашања поврзани со професионалната подготовка, професионалниот развој на наставничкиот кадар, како и упатува на препораки во која насока треба да се оди, во функција на унапредување на наставничката подготовка за успешно реализирање на воспитната работа.

***Член на Комисија за одбрана на магистерски, специјалистички трудови***

Димоска, Б. (2013). Комуникациите како алатка за менаџирање на образовните институции, Штип: Факултет за образовни науки (магистерски труд).

Наумова, С. (2013). Формативното оценување во наставата по странски јазик, Штип: Факултет за образовни науки (магистерски труд).

Илиев, Р. (2013). Грчка митологија, Штип: Факултет за образовни науки (специјалистички труд).

***Ментор и член за одбрана на дипломски трудови***

Никола Смилков е ментор на повеќе од седум дипломски трудови и член на Комисија за одбрана на повеќе од седум дипломски трудови.

***Автор на прирачници, рецензент на каталози***

Смилков, Н., Рауник, М., (2010) *Прирачник за наставата во V одделение во деветгодишното основно образование по ликовно образование*. In: Прирачник за наставата во V одделение во деветгодишното основно образование по ликовно образование. Биро за развој на образованието, pp. 1-21.

http://eprints.ugd.edu.mk/id/eprint/7742

Каталог од Детската ликовна изложба „Да го поздравиме доаѓањето на пролетта", ЈОУГД „Астибо"., Штип, голема група 2012-2013 г.

***Универзитетски учебник***

Смилков, Н. (2014). Ликовен јазик, Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ (во печат).

***Дизајн на корица***

Петровски, В., Мирасчиева, С. (2013). Мултикултурализам и интеркултурна комуникација, Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, http://e-lib.ugd.edu.mk/ugd/index.php?id=195

Јованова-Митковска, С. (2013). Методологија на педагошко истражување со статистика (скрипта), Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, http://e-lib.ugd.edu.mk/ugd/index.php?id=180

Јованова-Митковска, С. (2013). Методологија на педагошко истражување со статистика (практикум), Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, http://e-lib.ugd.edu.mk/ugd/index.php?id=181

Јованова-Митковска, С., Цацков, К. (2013). Методика на наставата по природа и наставата по општество, Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“, http://e-lib.ugd.edu.mk/ugd/index.php?id=166

***Учесник на трибини, конференции***

- Потврда за учество на Научно-стручна трибина „Наставникот – некогаш, денес, утре“, 4.10.2013 г., воведно обраќање.
- Член на научен и организациски тим на Прва меѓународна научна конференција за образование на тема „Глобални тенденции во образованието на наставници“ (Одлука бр. 2102-268/12) од 11 јуни 2012 г.

***Проекти, реализирани обуки***

- Проект „Strengthening the Pre-service Teacher Training system in a Multi – Ethnic society” од 11.2009 -12.2012.
- „Толеранција, дијалог, соработка! Промовирање на меѓурелигиски дијалог во Македонија, преку градење на капацитетите и верските претставници“ – IDSCS Институт за демократија – Скопје, Фондација „Конард Аденауер“ (КАС), (Одлука бр. 22102-250/9 од 15.11 2011 г.).
- Смилков, Н. (2013). Обучувач, реализатор на работилници во рамки на проектот „Упатство за изведување на практична настава на студенти - идни наставници, воспитувачи и педагози“ во детските установи и основните училишта во Штип и во Струмица, ОБСЕ.
- Смилков, Н. (2013), Самостојно реализирање на работилница во установа ЈОУДГ „Астибо“ - Штип на тема „Современи техники за ликовно изразување“ (Одлука бр. 2120-102/11) од 25.2.2013 г.
- Смилков, Н., Јованова-Митковска, С., Барбареев, К., Попеска, Б. (2012). *Во светот на детето*, Струмица: Организација на жени, http://eprints.ugd.edu.mk/view/creators/Smilkov=3ANikola=3A=3A.html

***Член на универзитетски и владини тела***

- Член на Државен матурски одбор (Решение бр. 07-3337/1) од 10.5.2010 г.
- Член на Комисија за наставни прашања при Универзитет „Гоце Делчев“ –Штип.
- Претседател на Комисија за наставни прашања при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на приложената документација, констатиравме дека се работи за кандидат со широк спектар на стручно-уметничка, наставно-научна и научноистражувачка дејност. Големиот творечки опус, бројните реализирани групни и самостојни изложби, но и монументални скулптури, како и ангажманот во наставно-научната дејност, укажуваат дека се работи за профилиран и стручен кандидат кој постојано придонесува во ликовната уметност и во ликовното образование во Република Македонија. Освен тоа, констатиравме дека стручно-уметничката активност излегува надвор од рамките на Република Македонија, што претставува уште една потврда за нивото на квалитет на кандидатот. По разгледувањето на приложените материјали од страна на кандидатот кој се пријави на распишаниот Конкурс и по извршениот увид во стручното ниво со посебен акцент на наставната дејност, Рецензентската комисија има чест да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ да донесе Предлог-одлука и истата да ја достави до Универзитетскиот сенат за избор на д-р Никола Смилков во наставно-научно звање редовен професор во наставно-научните области вајање и вајарски техники и методика на ликовно воспитување.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Д-р Фехим Хусковиќ, редовен професор, с.р.**
**М-р Жарко Башевски, редовен професор, с.р.**
**М-р Ибрахим Беди, редовен професор, с.р.**

**ТАБЕЛА**
**за вреднување на активностите на д-р Никола Смилков, вонреден професор, во изборниот период 2009 - 2014 година, според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип**

| Реден број | НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ | поени | |
|---|---|---|---|
| | | во земјава | во странство |
| **1.** | **Позитивно рецензиран универзитетски учебник** | | |
| 1. | Смилков,Н., (2014). Ликовен јазик, Штип: Факултет за образовни науки, Универзитет „Гоце Делчев“ (во печат) | 15 | |
| **6.** | **Основен школски или средношколски учебник или научнопопуларна книга** | | |
| 1. | Смилков, Н., Рауник, М., (2010) *Прирачник за наставата во V одделение во деветгодишното основно образование по ликовно образование*. In: Прирачник за наставата во V одделение во деветгодишното основно образование по ликовно образование. Биро за развој на образованието, pp. 1-21. | 10 | |
| **7.** | Издавање на наставни содржини и помагала во електронска форма (на ЦД, ДВД и сл.) **е-учење** | 6 | |
| **16.** | **Член на комисија за одбрана на магистерски и специјалистички труд** | | |
| 1. | Димоска, Б., (2013). Комуникациите како алатка за менаџирање на образовните институции, Штип: Факултет за образовни науки(магистерски труд) | 1 | |
| 2 | Наумова, С. (2013). Формативното оценување во наставата по странски јазик, Штип: Факултет за образовни науки(магистерски труд) | 1 | |
| 3 | Илиев, Р. (2013). Грчка митологија, Штип: Факултет за образовни науки (специјалистички труд) | 1 | |
| **17.** | Член на комисија за одбрана на дипломска работа (максимум 7) | 7 | |
| **25.** | **Предавања (неделен просечен фонд на часови во семестри во изборниот период на прв циклус студии)** | 40 x1=40 | |
| **26.** | **Вежби (неделен просечен фонд на часови во семестри во изборниот период на прв циклус студии)** | 31 | |
| | **Вкупно** | **97** | |
| Реден број | **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ И СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ АКТИВНОСТИ** | во земјава | во странство |
| **6.** | **Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт, учество на ликовна изложба** | | |
| 1. | 2009-Интернационална изложба на ДЛУМ во Дворецот на културата, Софија, Бугарија | | 6 |
| 2. | 2009-Биенално студио за цртеж 2009, НУ Центар за култура „Ацо Шопов“ – Штип | 3 | |
| 3. | 2010--Меѓународно биенале на уметност на минијатура, Горни Милановац, Србија | | 6 |
| 4. | 2010-Изложба на модерна уметност, Малниц, Австрија | | 6 |
| 5. | 2011-More than a form/ sculpture Ликовна галерија, Горни Милановац, Србија | | 6 |
| 6. | 2012-ДЛУМ:Ликовно творештво „Мал формат 2012“, Културно-информативен центар, Скопје | 3 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | 2012-ДЛУМ, Годишна изложба -2012, Музеј на Град Скопје, февруари 2013 г. | 3 | |
| 8. | 2012-Меѓународно биенале на уметност на минијатура, Горни Милановац, Србија | | 6 |
| 9. | *2013*-ДЛУМ: Ликовно творештво „Мал формат 2012“, Културно-информативен центар, Скопје | 3 | |
| 10 | 2013-ДЛУМ „Миниартура“ Културно-информативен центар,Скопје, Р. Македонија | 3 | |
| 11. | 2013 ДЛУМ, Годишна изложба -2013, Музеј на Град Скопје, февруари 2014 г. | 3 | |
| 12. | 2013-Меѓународна изложба по повод 20-годишнина од постоење на Учителскиот факултет во Врање, Универзитет во Ниш | | 6 |
| 13. | 2013-IV Međunarodna izložba „Umetnost u minijaturi“ – Majdanpek – Srbija 2013 | | 6 |
| 14. | 2013-7 Dfewa Mallnitzer Symposium Furmoderne Kunst, Malnitz Austriah | | 6 |
| 15. | 2013-46 –та Изложба на ДЛУШ – Штип | 3 | |
| 16. | 2014-2.Меѓународна балканска изложба II. international contemporary balkan exhibition, Културно-информативен центар, Скопје Р. Македонија | 3 | |
| **10** | **Одбранета докторска теза** | | |
| 1. | 2012-Доктор по педагогија од областа на методиките | 8 | |
| **19** | **Член на организационен иили научен одбор на научен собир фестивал** | | |
| 1. | 2013-Научни скуп „Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на учитељским (педагошким) факултетима“ Универзитет у Нишу, Учитељски факултет у Врању | | 2 |
| **24** | **Самостојно ликовно претставување (ликовна изложба)** | | |
| 1. | 2013-Центар за култура „Марко Цепенков” - Прилеп, Македонија | 6 | |
| **25** | **Учествување на ликовна колонија/симпозиум со ликовно дело** | | |
| | 2009-Меѓународна вајарска колонија МАРМОР и Топола, Србија | | 6 |
| | 2010-Меѓународна вајарска колонија – Волавје, Словенија | | 6 |
| | 2010-Интернационален симпозиум на модерна уметност, Малниц, Австрија | | 6 |
| | 2011-Меѓународен симпозиум за керамика, Дача, Турција | | 6 |
| | 2012-Меѓународен симпозим за скулптура, Дача, Турција | | 6 |
| | 2013-Интернационален симпозиум на модерна уметност, Малниц, Австрија | | 6 |
| **26** | **Монументално ликовно дело** | | |
| 1. | 2010-Интернационален симпозиум на модерна уметност, Малниц, Австрија | | 15 |
| 2. | 2012-Меѓународен симпозим за скулптура, Дача, Турција | | 15 |
| 3. | 2013-Спомен - обележје *Аристотел* - Кампус 2 - УГД Штип, Македонија | | 15 |
| 4. | 2013-7 Dfewa Mallnitzer Symposium Furmoderne Kunst, Malnitz Austria | | 15 |
| | Вкупно | 184 | |

| Ред. број | СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ И ОРГАНИЗАЦИСКО РАЗВОЈНА ДЕЈНОСТ | во земјава | во странство |
|---|---|---|---|
| **9** | **Труд објавен во зборник од трудови на стручен собир** | | |
| 1. | Jovanova-Mitkovska, Snezana and Popeska, Biljana and Smilkov, Nikola and Cackov, Kiril (2013) *Практичната настава и нејзината реализација на Факултетот за образовнни науки во Република Македонија*. In: Научни скуп „Савремене тенденције у наставним и ваннаставним активностима на учитењским (педагошким) факултетима“, 06 Dec 2013, Универзитет у Нишу, Учитељски факултет у Врању | | 5 |
| 2. | Smilkov, N., Jovanova-Mitkovska, S. (2012) Initial teacher education, professional development and competence of preschool educators, the condition and challenges, International Conference Education Across Borders Florina 5-7 October 2012 | | 5 |
| 3. | Smilkov,N (2013) Професионалната подготовка на бъдещия учител за взнитателна работа, Посветена на - 70 годишнината на Проф. Лиляна Тодорова ЮЗУ „Неофит Рилски“ Благоевград Р.България | | 5 |
| **22.** | **Претседател на универзитетски или владини тела** | | |
| 1. | Претседател на Комисија за наставни прашања при Универзитет „Гоце Делчев“ | 10 | |
| ***23.*** | **Декан** | | |
| 1. | Одлука бр. 2102-110/4 од 27.6.2011 г. | 36 (по години) | |
| **24.** | **Продекан** | | |
| **1.** | Одлука бр. 2102-57/5 од 9.7.2009 г. | 16 (по години) | |
| **27** | **Член на универзитетски и владини тела** | | |
| 1. | Член на Државен матурски одбор (Решение бр. 07) | 5 | |
| 2. | Член на на Комисија за наставни прашања при Универзитет „Гоце Делчев“ | 5 | |
| | **Вкупно** | **87** | |
| | ***ВКУПНО*** | **368** | |